# СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

## Улогата на медиумите




Судија Љубица Колиќ

- Нема слобода на изразување без слободни медиуми.




“Новинарот е коректор, цензор, советник, монарх над кралевите, водич на нациите. Четири непријателски весници се пострашен непријател од илјадници бајонети!”

- Должност на новинарите е да се грижат за правилно применување на принципот на одговорно новинарство со проверка на точноста на објавената информација.
- Судската пракса на ЕСЧП во своите одлуки се повикува на **„добра волја на новинарот, етика и сигурна информација“..**
- Професионалната работа на новинарите мора да биде, пред сè, вистинита, со употреба на веродостојни информации, урамнотежена, неутрална и да го почитува човечкото достоинство. „
- Оваа улога на медиумите меѓудругото има и посебно значење за време на изборните процеси

# Праксата на ЕСЧП

- Новинарите имаат должности и обврски да дејствуваат во добра намера заради обезбедување точни и веродостојни информации во согласност со новинарската етика“ **(Пресуда Bladet Tromso and Stensaas v. Norway, 1999**), односно тие треба да „дејствуваат во добра намера заради обезбедување точни и веродостојни информации во согласност со новинарската етика“**(Пресуда Goodwin v. UK, 1996).**

# Праксата на ЕСЧП

- Во многу пресуди на ЕСЧП се потенцира  дека: **„**улогата на медиумите како куче-чувар (public watch-dog) на јавноста е витална за демократскиот политички процес“.
- Улогата на медиумите во креирањето на јавното мислење е битна како во политичкиот процес, така и во процесот на стимулирање критичка дебата за други прашања од јавен интерес“.
- **(Пресуда Sunday times v. UK, број 1 од 1979 година).**

# Праксата на ЕСЧП

- “Доколку клеветата е сторена преку печат, изрекувањето на затворската казна како мерка, со која се ограничува слободата на изразување никогаш нема да е компатибилна со легитимната цел (во случајот, заштита на честа на другите), заради која се изрекува. Во други случаи, кога се стреми да се остварат други легитимни цели, како да се спречи говор на омраза или поттикнување на насилство во принцип и затворската казна како мерка не е исклучена, но никако кога се работи за случај на клевета.”
- **Пресуда Cumpana and Mazare v. Romania од 2004 година**

# Праксата на ЕСЧП

- Во поглед на одговорноста за пренесувањето на туѓи изјави, во **Пресудата Thoma v. Luxemburg, 2001 година**: „...Судот нагласува дека казнувањето на новинар за пренесување туѓи изјави сериозно би го загрозил придонесот на печатот во отворањето дебата за прашања од јавен интерес и не би требало да се преземе, доколку нема исклучително силни причини за тоа“.

# Праксата на ЕСЧП

- „Барањето новинарите самите да се дистанцираат системски и формално од содржината на изјавата која може да клевети или да му наштети на трето лице е неусогласено со улогата на печатот за обезбедување информации за тековни настани, мислења и идеи“.

**Пресуда Lionarakis v. Greece, 2007,**

# Праксата на ЕСЧП

- „Новинарската слобода опфаќа и можно прибегнување кон одреден степен на претерување, па дури и на провокација...“ **Пресуда Dalban vs. Romania, 1999.**
- “Како резултат од тесната поврзаност со демократијата, опфатот на слободата на информирање мора да биде сфатен најшироко можно, дозволувајќи степен на претерување, па дури и провокација“ **Пресуда Radio France vs. France, 2004**.
- „здравата демократија бара Владата да биде изложена на постојан надзор не само од страна на законодавната и судската власт, туку и од пошироката јавност и медиумите“

 **Пресуда Lombardo v. Malta, 2007,**

# Праксата на ЕСЧП

- „По сила на својата доминатна моќ, Владата мора да толерира најширок степен на критики против себе. Таа мора да внимава и да избегнува создавање на каков било застрашувачки ефект што рестриктивните мерки кои ги преземаат може да го имаат на политичкото изразување“.

**Пресуда Castells v. Spain, од 1992 г.,**

- **„**Иако печатот не смее да ги пречекори границите, меѓу другото, за заштита на угледот на другите, сепак има обврска да дава информации и идеи за прашања од јавен интерес“. Не само што ја има задачата да дава такви информации и идеи, јавноста го има правото да ги прима. Во секој друг случај, печатот нема да биде, во можност да ја игра својата клучна улога на „куче-чувар“. **Пресуда Thorgeirson vs. Iceland, 1992**

# Праксата на ЕСЧП

- **Пресудата Lingens v. Austria, 1986,**се однесувала на случајот кога австрискиот канцелар (т.е. премиер) во една статија бил обвинет за „примитивен опортунизам“ и за дејствување на „неморален и недостоинствен“ начин. Авторот на статијата бил осуден од страна на австриските судови за клевета. Судот (пленарниот совет) едногласно одлучил дека осудата била непропорционална интервенција во слободата на изразување, заради тоа што, меѓу другото, **„политичките фигури мораат да толерираат поголем степен на критика отколку приватните лица“. Тргнувајќи од позицијата на „наклеветениот“, односно фактот што истиот е канцелар, се подразбира дека согласно ваквиот принцип тој би требало да покаже најголем степен на толеранција кон јавна критика.**
- Во истата пресуда е изразен ставот дека “ функцијата на заштитник на демократијата на медиумите има посебна важност кога ќе се земе во корелација со правото на јавноста да добива и информации и идеи од јавен интерес“.

# Праксата на ЕСЧП

“Објавен бил напис во црногорскиот опозиционен неделник „Либерал“, во кој се тврдело дека шеснаесетмина црногорски новинари ќе бидат обвинети за воени злосторства (поточно, поттикнување на воени злосторства) од страна на Хашкиот трибунал. Еден од овие новинари, инаку уредник на многу влијателен државен (и провладин) медиум, иницирал постапка во која била утврдено постоење на клевета (фактичките тврдења од написот не биле вистинити) и определена нематеријална штета во висина од 5.000 евра. Судот во Стразбур, оценил дека во случајот постоела клевета и дека националните судови правилно утврдиле одговорност. Но констатирана е повреда на членот 10 од Конвенцијата, заради тоа што **„надоместот е превисок споредено со примањата на апликантот**, бидејќи се состои во 25 негови месечни примања“. Дополнително, Судот определениот надомест од 5.000,00 евра за клевета го третира како превисок „дури и ако се имаат предвид највисоките месечни примања во матичната држава...“(Црна Гора)

**Пресуда Koprivica v. Montenegro, 2011,**

# Праксата на ЕСЧП

“Отштетата мора да биде пропорционална на моралната штета, а исто така и на средствата достапни на располагање на обвинетиот. Во овој случај, иако тужениот неправедно го обвинил тужителот за „проневера“, сепак, точен е фактот дека тужителот бил под истрага за даночни прекршоци. Па оттука, и моралната штета не е голема и отштетата од судот која е еквивалент на шестмесечна плата (определената отштета била во висина од приближно 2.000 евра), е сума која Судот ја оценува како прекумерна и како повреда на членот 10.

**Пресуда Filipovic v. Serbia, 2007,**

# Праксата на ЕСЧП

Во однос на електронските медиуми и слободата на изразување на интернет **Случајот на Делфи Ас против Естонија** отвара прашање дали порталот кој ја поставува информацијата на интернет има одговорност и во однос на навредливи коментари кои се граничат со говор на омраза.Порталот се жалел пред Судот во Стразбур дека одговорноста за коментарите на читателите ја доведува во прашање неговата слобода на изразување. Судот нагласува дека утврдувањето одговорност на порталот од страна на естонските судови било оправдано и пропорционално особено затоа што: коментарите биле длабоко навредливи; порталот не успеал да го спречи нивното објавување, профитирал од нивното постирање и дозволил авторите да останат анонимни и казната од 320 евра определена од естонските судови не била претерана.

# Праксата на ЕСЧП

- Пресудата„Селмани и други против Република Македонија“ се однесува на слободата на изразување сфатена како слобода на примање и соопштување на информации и идеи. Во пресудата се реафирмира содржината на слободата на изразување како слобода на поседување на мислење, примање и соопштување на информации и идеи на претставниците на медиумите при вршење на професионална дејност, без мешање на органите на власт. Исто така, Судот ја потврдува воспоставената практика дека медиумите имаат задача да пренесуваат информации во јавен интерес и круцијалната улога на медиумите во обезбедување на информации за постапувањето на органите при јавни демонстрации и спречувањето на нарушувањето на редот.
- **отстранувањето на новинарите од парламентарната галерија претставува повреда на слободата на изразување според член 10 од ЕКЧП.**

Благодарите на вниманието!

